


**Прашања за квиз**

1. **Подреди и поврзи ги земјите по тоа кога жените се стекнале со право на глас во светот, почнувајќи хронолошки од најрано до најдоцна**

   а. Југославија ① 1920

   б. Шведска ② 1945

   в. Швајцарија ③ 1867

   г. Америка ④ 1971

2. **Како се вика првата романописателка од Северна Македонија?**

   а. Драгица Најческа, „Пеперуга со натопени крилја“

   б. Оливера Николова ,,Тесна врата’’

   в. Лилјана Дирјан ,,Природна појава’’

3. **Како се викало првото списание посветено на проблемите на жените во Македонија и нивна еманципација?**

   а. ,,Теа Модерна’’

   б. ,,Женски печат’’

   в. ,,Македонка’’

4. **Која социјалистка и борка за женски права во Македонија е позната како ,,македонската Роса Луксембург’’?**

а. Атина Бојаџи

б. Искра Грабул

в. Роса Плавева

5. **Наведи име на еден споменик или биста во твоето место на живеење или во околните места, кое е во чест на животот и заложбите на извесни значајни жени од нашата земја.**

---

6. **Поврзи ги изјавите со личноста.**

| | |
|---|---|
| а. Грета Тунберг | ① Без оглед на тоа како изгледаме, нам жените ни е многу тешко кога станува збор за стандарди за убавина. Сите доживуваме мизогинија и омраза, дури и ако се вклопуваме во конвенционалните идеи за убавина. |
| б. Били Ајлиш | ②Да живееевме поодржливо, мислам дека мажите и жените ќе беа порамноправни. |
| в. Лизо | ③Ако наместо мене, момче носеше вака широки алишта, на никој око немаше да му трепне. Луѓето инсистрираат да ,,се облекувам како девојче’’; да носам тесни алишта заради мојата кариера. |

7. **Како се вика македонската режисерка којашто заедно со Љубомир Стефанов го режираше документарниот филм *Медена земја*?**

а. Ана Јакимска

б. Билјана Гарванлиева

в. Тамара Котевска

г. Теона Стругар Митевска